# ПРОГРАМА

# ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА СОПИШТЕ 2 0 1 9

Изработил:
Одделение за комунални работи
Раководител Проф.Трајче Андреевски
Помлад соработник М-р Светлана Матеска-Трпеска

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 член 36 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), член 20 од Статут на Општина Сопиште (Службен гласник на општина Сопиште бр. 2/97 ), Закон за комунални дејности (Службен весник на Р.М.бр.45/97,23/99,45/2002,16/2004 и 5/2009) и член 3 став 1 точка 10 од Закон за комунални такси (Службен весник на РМ бр.61/2004, 64/2005 и 92/2007), Советот на Општина Сопиште на седницата одржана на ____.____.2018 година да ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за улично осветлување на територија на Општина Сопиште за 2019 година

## 1. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Стратешка цел на програмата за улично осветлување е заштеда на електрична енергија, подигање на енергетскта ефикасност, подигање на еколошките стандарди и подигање на квалитетот на живеење на граѓаните со подобрување на јавното осветлување преку реконструкција на постојното и поставување на нови штедливи, современи, естетски и амбиентални светилки во Општината.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата за улично осветлување на територија на Општина Сопиште е реконструкција и модернизација на уличното осветлување.

Со програмта опфатено е :

- Зголемување на ефикасноста во давањето на услугите кон граѓаните во делот на јавното осветлување
- Намалување на трошоците за јавно осветлување
- Обезбедување на средства за нови инвестиции
- Зголемување на опфатот односно инвестициите во делот на јавното и уличното осветлување во општината
- Подобрување на условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови
- Зголемување на безбедноста во општинта
- Модернизација на општината.

## 3. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Идентификуваните цели на програмата се значајни од аспект на самиот развој и имплементација на програмата. Покрај зададените цели потребно е утврдување и на следното :

- Увид на постојната состојба со јавното осветлување
- Давање предлог-решение за реконструкција и модернизација на постојната електрична мрежа на јавното осветлување
- Преглед на предложените варијанти и нивна комперација
- Одредување на параметрите за постигнување на финансиската и економската оправданост на програмата и неговото влијание врз животната средина
- Одредување на општите и специфичните користи кои ќе ги оствари општината преку реализација на програмата
- Идентификација и релокација на ризиците при реализација на програмата
- Изработка на акционен план за насоки за спроведување на процедури и постапки во реализација на програмата.

## 4. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ

Реализацијата на програмата- реконструкција и модернизација на уличното осветлување – предвидено ќе се изврши по склучување на договор со ЈКП Сопиште кое истото е потребно да спроведе јавна набавка за набавка на материјали за тековно одржување и реконструкција на јавното улично осветлување.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува преку составување на пријава-барање од страна на граѓани, месни и урбани заедници и се однесува за дефект на улично осветлување и за проширување на улично осветлување.

Ќе се вршат редовни контроли како теренски увиди за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

## 5. АКТИВНОСТИ И ДИНАМИКА

Активностите и динамиката на реализација на програмата за улично осветлување треба да се одвива во три фази и тоа **:**

**Прва фаза :** вклучува голем број на активности кои се однесуваат на подготвување и активности кои се однесуваат на спроведување на истражување за оценување на реалните потреби од реализација на програмата.

**Втора фаза :** се однесува на изработка на финансиска Cost-Benefit анализа која опфаќа споредбена анализа на трошоци за експлотација во случај на постојното и на новото решение.

**Трета фаза :** се однесува на резултатите од финансиската Cost-Benefit анализа и нивна соодветна презентација и изработка на Акционен план од која произлегуваат конкретните предлози за натамошни активности за реализација на програмата.

## 6. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Во програмата за улично осветлување на територија на Општина Сопиште за 2019 година се предлага:

### 1.1. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Врз основа на склучен договор од 21.08.2018 година предвидени средства се 1.200.000,оо денари.

### 1.2.БУЏЕТ

Во буџетот за 2019 година се планираат средства за следниве намени:

| РАСХОДИ | ДЕНАРИ |
|---|---|
| **Изградба на јавно улично осветлување -изградба**<br>- бандери дрвени<br>- канделабри<br>- поставување на СКС кабел 16 за улично<br>- нови ормари за приклучоци за улично (струјомер,форел склопка, осигурачи) | 600.000,оо |
| **Поправка и тековно одржување**<br>- смена на прегорени сијалици<br>- смена на фасонки, стакла и трафо<br>- смена на прегорени склопки,форели,контакни леќи и осигурачи<br>-монтажа и демонтажа на бандери (дрвени) | 600.000,оо |
| **ВКУПНО** | 1.200.000,оо |

## 7. НАДЗОР НАД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата е задолжен Градоначалникот и Одделението за комунални работи на Општина Сопиште.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА СОПИШТЕ**

__________________________

Јане Мицевски